**УЖ-2.бр.302/2020**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот Дијана Димитрова и м-р Емрије Зубери - членови на советот, со записничар Верица Гавровска Петровска – раководител на судско одделение, одлучувајќи по жалбите на Државната комисија за жалби по јавни набавки застапувана од Државен правобранител за подрачје Скопје и на заинтересираното лице Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз–извоз Скопје, изјавени против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.2083/2019 од 12.03.2020 година, за јавна набавка, на седница на советот одржана на ден 02.06.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

По повод жалбите на Државната комисија за жалби по јавни набавки застапувана од Државен правобранител за подрачје Скопје и на заинтересираното лице Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз–извоз Скопје, а по службена должност Пресудата на Управниот суд У-5.бр.2083/2019 од 12.03.2020 година, СЕ УКИНУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:

Тужбата на тужителот Државно правобранителство на Република Северна Македонија изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-865/10 од 05.12.2019 година, СЕ ОТФРЛА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со пресуда У-5.бр.2083/2019 од 12.03.2020 година постапувајќи по тужбата на тужителот Државно правобранителство на Република Северна Македонија, а изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-865/10 од 05.12.2019 година, ја уважил жалбата. По однос на оспореното решение одлучил на следниот начин: Жалбата на СТЕРНА ДОО увоз–извоз Скопје изјавена против Тендерската документација по Огласот за јавна набавка од мала вредност бр.12935/2019 за набавка на стоки - фотокопирни апарати - мултифункционални на договорниот орган Државно правобранителство на Република Северна Македонија, се одбива како неоснована.

Незадоволни од пресудата на Управниот суд У-5.бр.2083/2019 од 12.03.2020 година останале Државната комисија за жалби по јавни набавки застапувана од Државен правобранител за подрачје Скопје и заинтересираното лице Друштво за производство, трговија и услуги

СТЕРНА ДОО увоз–извоз Скопје, кои поднесоа жалби до Виш управен суд.

Вишиот управен суд постапувајќи по жалбите оцени дека во конкретниот случај тужителот Државно правобранителство на Република Северна Македонија, не може да се јави како тужител. Ова од причини што договорениот орган како првостепен орган не е странка во постапката, согласно одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за јавните набавки, туку истиот во управната постапка се јавува како орган кој ја водел и одлучувал во постапката по јавна набавка согласно одредбите од Законот за јавните набавки, поради што има процесна положба на првостепен орган, па за истата правна работа не може истовремено да има положба на странка и да биде тужител во управен спор.

Согласно член 3 став 1, став 2 и став 4 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и бр.150/2010), право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон. Државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, населба и слично или група лица, иако немаат својство на правно лице, можат да поведат управен спор ако можат да бидат носители на правата и обврските за кои се решавало во управната постапка. Управен спор може да поведе Јавниот правобранител на Република Македонија, кога со управен акт или со управен договор се повредени законот или јавниот интерес, односно институцијата што ја застапува според закон.

Согласно членот 26 став 1 точка 3 од истиот закон, Управниот суд со решение ќе ја отфрли тужбата ако утврди дека е очигледно дека со управниот акт кој се оспорува со тужбата не се засега во правото на тужителот или во негов непосреден личен интерес заснован врз закон (член 3).

По однос на заинтересираното лице Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз–извоз Скопје во конкретниот случај по наоѓање на овој суд отпаѓа правниот интерес за жалба, а од причина што со оспореното решение е уважена жалбата изјавена од економскиот оператор против Тендерската документација по Огласот за јавна набавка од мала вредност бр.12935/2019 за набавка на стоки - фотокопирни апарати - мултифункционални на договорниот орган Државно правобранителство на Република Северна Македонија, така што ја поништил предметната посатапка од мала вредност на договорниот орган - Државно правобранителство на Република Северна Македонија. При тоа го задолжил договорниот орган да му ги наомести трошоците на жалителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 3.077,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, во рок од 15 дена од донесувањето на оспореното решение.

Под точка 4 ова решение е конечно по извршената достава. Под точка 5 – странките се должни да ја почитуваат конечната одлука на Државната комисија за жалби по јавни набавки и под точка 6 договорениот орган е должен да постапи согласно одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на прием на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката.

Со оглед на ваквата одлука донесена од Државната комисија за жалби по јавни набавки, а при состојба кога Вишиот управен суд ја укина пресудата на Управниот суд и одлучи да тужбата на тужителот ја отфрли, а од горе наведеното во конкретниот случај во правниот промет останува Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-865/10 од 05.12.2019 година, кое е донесено во полза на заинтересираното лице Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз–извоз Скопје.

Врз основа на горе наведеното, Вишиот управен суд одлучи согласно член 358 став 3 од Законот за парнична постапка, согласно кој ако во постапката пред првостепениот суд е сторена повреда на одредбите од членот 343 став (2) точка 10 на овој закон, второстепениот суд, со оглед на природата на повредата, ќе ја укине првостепената пресуда и ќе му го врати предметот на надлежниот првостепен суд или ќе ја укине првостепената пресуда и ќе ја отфрли тужбата.

Решено во Виш управен суд на ден 02.06.2021 година под УЖ-2.бр.302/2020.

| Записничар - раководител на судско одделение | Претседател на совет - Судија |
|---|---|
| Верица Гавровска Петровска с.р. | Владанка Панчурова Сулејманова с.р. |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник

/ИК